АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14.02.2018 | | | |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 807 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот „Штипски глас", и тоа:

- изданието бр.78 на магазинот „Штипски глас" за јануари 2018 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 февруари 2018 година.

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен вонреден административен надзор. Вонредниот надзор беше извршен на 15.12.2017 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.77 на магазинот „Штипски глас" за ноември 2017 година не ги објавил податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-479 од 21.12.2017 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип.

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието бр.78 на магазинот „Штипски глас" за јануари 2018 година е констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.